Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 февруари 2022 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, м-р Алдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2022 година**
- **Усвојување на Записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

1. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година

2. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија 03-333/1 (улично осветлување во подрачје на ТИРЗ Струга )

3. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (разна опрема)

4. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на здруженија и клубови (разна опрема)

5. Информација за обезбедување или пренамена на финансиски средства за реализација на дополнителна обука на 2 пилоти од Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија

6. Информација за организирање на втората меѓународна конференција Преспа форум за дијалог

7. Информација за безбедносната ситуација во и околу Украина и за потребните мерки за осигурување на безбедноста на членовите од Република Северна Македонија во Специјалната мониторинг мисија на ОБСЕ во Украина

8. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч

9. Предлог-одлуки за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Албанија со седиште во Драч

10. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Украина во Република Северна Македонија со седиште во Прилеп

11. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија со седиште во Прилеп

12. Информација за одржаниот Седумнаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 18 март 2021 година преку видео конференциска врска, со препораки

13. Предлог-одлука за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Меѓународно училиште Скопје “ во Скопје

14. Кадровски прашања

15. Прашања и предлози

16. Информација со извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година

17. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за лекови и медицински средства (Сметка на основен Буџет 603), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за лекови и медицински средства (Сметка на основен Буџет 631) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за лекови и медицински средства (Сметка за самофинансирачки активности 787)

18. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (Сметка за средства од Фондот 737) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи, Сметка на сопствени приходи 531)

19. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје (Сметка за средства од Фондот 737) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје (Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531)

20. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола (Сметка за основен буџет 603), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола (Сметка на Буџет од самофинансирачки активности 788-14) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола (Сметка за функционирање и развој на Универзитетот 788-52)

21. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2021 година, со Финансиски извештај за 2021 година

22. Информација за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет и четврт квартал од 2021 година

23. Препораки од партиципативни форуми

24. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (за периодот 27 јули 2021 година - 27 јануари 2022 година)

25. Предлог-одлука за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна

26. Предлог-одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2022 година на Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичка војна на Македонија

27. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година

28. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

29. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен на локалитетот ,,Живојно", Општина Новаци

30. Информација за завршени преговори со усогласен текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање на културно-информативни центри во Скопје и во Белград, со Усогласен текст на Спогодбата

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово за изработка на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Валандово град и КО Валандово вон град, Општина Валандово, со Предлог-одлука

32. Информација за исплата на пензии за февруари 2022 година

33. Предлог-закон за платежни услуги и платни системи(*), по скратена постапка

34. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на средствата и добитокот кои граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да ги даваат на користење на Министерството за одбрана, за потребите на Армијата на Република Северна Македонија во воена и вонредна состојба како и при изведување на вежбовни активности во мир, начинот на водењето на евиденцијата и определување на висината на надоместокот за нивното користење, оштетување и уништување

35. Информација за повлекување на огласот за автори/авторски тимови за изработка на материјали за учење согласно наставните програми за второ и петто одделение на деветгодишното основно образование

*

*  *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2022 година и Записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година.**

*

*  *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

Владата не расправаше по Статусот на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности 03-333/1 (улично осветлување во подрачје на ТИРЗ Струга), за некоја од наредните седници на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (разна опрема), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Спортски нуркачки клуб „Жак Кусто“- Струмица, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Параглајдерски клуб „Јастреб екстрем“ - Струмица, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Стрелачки клуб „Струмица“ - Струмица, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение на граѓани „Св. 15 тивериополски свештеномаченици“ - Струмица, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение планинарски спортски клуб „Маратон“ – Струмица, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение планинарски клуб „Ентузијаст“- Струмица, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за обезбедување или пренамена на финансиски средства за реализација на дополнителна обука на двајца пилоти од Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување за наредната седница на Владата поради потребата Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за финансии да се усогласат/да изнајдат начин за обезбедување на потребните финансиски средства потребни за надминување на ова прашање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на втората меѓународна конференција Преспа форум за дијалог, со Извештај за првата меѓународна конференција во рамки на проектот Преспа форум за дијалог и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за првата меѓународна конференција во рамки на проектот Преспа форум за дијалог.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите активности за организирање на втората меѓународна конференција Преспа форум за дијалог во текот на 2022 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за безбедносната ситуација во и околу Украина и за потребните мерки за осигурување на безбедноста на членовите од Република Северна Македонија во Специјалната мониторинг мисија на ОБСЕ во Украина, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи, во координација со надлежните институции, да ги преземе сите потребни мерки за осигурување на безбедноста на членовите од Република Северна Македонија при Специјалната мониторинг мисија на ОБСЕ во Украина.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија со седиште во Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 18 март 2021 година преку видео конференциска врска, со препораки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

Животна средина и климатски промени

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготовка на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина усогласен со Директивата 2014/52/ЕУ и за истото да ги информира Европската комисија и Енергетската заедница преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина да достави ревидиран годишен план за вработување до Министерството за финансии, во согласност со обезбедените финансиски буџетски средства за 2022 година, најдоцна до 10.3.2022 година.

3. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина, во соработка со единиците на локалната самоуправа, најдоцна три месеци по донесувањето на новиот Закон за инспекција во животната средина, да направи анализа за потребите од реорганизација на инспекцискиот систем во животната средина на централно и локално ниво и да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Се задолжува Министерството за правда до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, усогласен со Директивата 2008/0099/ЕУ за заштита на животната средина преку кривичното право, најдоцна до 1.12.2022 година.

Квалитет на воздухот

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготовка на Националниот план за заштита на амбиенталниот воздух 2022-2026 и Националната програма за контрола на загадувањето на воздухот 2022-2032, најдоцна до 30.9.2022 година.

Управување со отпад

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со единиците на локалната самоуправа од Североисточниот, Источниот и Полошкиот Регион да преземе конкретни мерки за воспоставување на компаниите за управување со отпад и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви пишан материјал на англиски јазик за напредокот во исполнување на целите за посебните текови на отпад и да го достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.6.2022 година.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со единиците на локалната самоуправа од Североисточниот и Источниот Регион, да започне со воспоставување на регионалниот систем за управување со отпад преку проектите за затворање на дивите депонии и набавка на опрема во овие региони, најдоцна до 5.3.2022 година.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготовка на Национална стратегија за управување со тиња, најдоцна до 30.9.2022 година.

Квалитет на водите

10. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа за Планот за управување со сливот на реката Вардар и за тоа да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.6.2022 година.

11. Се задолжува Министерството за финансии да потпише договор за набавка на специфична опрема за Информациски систем за мониторинг на водите со цел операционализирање на мрежата за мониторинг на водите, најдоцна до 30.6.2022 година.

12. Се задолжува Министерството за финансии да потпише договор за рехабилитација и продолжување на канализациската мрежа во Општина Кичево и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.6.2022 година.

13. Се задолжува Министерството за финансии да потпише договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализациската мрежа во Општина Битола и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31.10.2022 година.

14. Се задолжува Министерството за финансии да потпише договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води и продолжување на канализациската мрежа во Општина Тетово и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31.11.2022 година.

15. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да потпише договор за изградба на пречистителната станица за отпадни води во Скопје, најдоцна до 17.10.2022 година.

16. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави Предлог-закон за заштита на природата, најдоцна до 30.4.2022 година.

17. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави Предлог-закон за репрогласување на Национален парк Маврово за заштитено подрачје, најдоцна до 5.3.2022 година.

18. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање да извршат усогласување на Предлогот на закон за ловство со Предлогот на закон за заштита на природата, во насока на усогласување со законодавството на Европската Унија, најдоцна до 15.3.2022 година.

19. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за финансии да направат анализа за можноста за подобрување на финансиските ресурси за континуирано и правилно управување со заштитените области и за истото да ја информираат Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15.3.2022 година.

Контрола на индустриско загадување

20. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави Предлог-закон за индустриски емисии, најдоцна до 30.3.2022 година.

Цивилна заштита

21. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи да продолжи да работи на дефинирање на единствениот систем за управување со кризи, заштита и спасување, со формирање на единствен надлежен орган и да подготви нацрт законско решение, и за истото да ја информираат Европската комисија, преку Секретаријат за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

22. Се задолжува националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во системот за заштита и спасување и управување со кризи да направи анализа за подобрување на сопствената улога при дефинирање на нов единствен систем за управување со кризи, заштита и спасување, и за истото да ги информира Министерството за одбрана, Дирекција за заштита и спасување и Центар за управување со кризи, најдоцна до 1.6.2022 година.

23. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи да подготви пишана информација на англиски јазик за досегашниот напредок во воспоставување на единствен систем за управување со кризи, заштита и спасување на сите нивоа, согласно Оценската мисија за цивилна заштита од 2018 година и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

24. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да го реализираат поврзувањето со Заедничкиот комуникациски и информациски систем за итни случаи, најдоцна до 1.6.2022 година.

Климатска акција

25. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да дефинира и воспостави постојана структура за климатска акција во внатрешната организација со конкретни надлежности, задолженија и обврски и за преземените активности да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1.4.2022 година.

26. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави Предлог-закон за климатска акција, усогласен со барањата на Енергетската заедница, во кој ќе бидат преточени целите за декарбонизација, најдоцна до 31.5.2022 година.

27. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да подготви апликација за финансирање на подготовката на Националниот план за адаптација и истата да ја достави до Зелениот климатски фонд, најдоцна до 30.3.2022 година.

Енергетика
Организиран пазар на електрична енергија

28. Се задолжува Министерството за економија да го информира Секретаријатот за европски прашања, по донесување на подзаконскиот акт, за содржината, формата и начинот на водење на регистарот на задолжителни резерви, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од регистерот за задолжителни резерви до Европската комисија, усогласени со Анекс 4 од Директивата 2009/119/ЕЗ на Советот од 14 септември 2009 година за наметнување на обврска на земјите-членки да чуваат минимум резерви на сурова нафта и/или нафтени производи, во најоптимален рок.

29. Се препорачува на Националниот оператор на пазарот на електрична енергија (МЕМО ДООЕЛ) да ги финализира активностите за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија „ден однапред“, најдоцна до 30.6.2022 година.

30. Се препорачува на Националниот оператор на пазарот на електрична енергија (МЕМО ДООЕЛ) да го заврши спојувањето на организиран пазар на електрична енергија „ден однапред“ со Република Бугарија, најдоцна до 30.6.2022 година

31. Се задолжува Министерството за економија до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со цел усогласување со Регулативата 2015/1222/ЕУ за распределба на капацитети и управување со задушувања (CACM) и Регулативата 1227/2011/ЕУ за интегритет на пазарот за електрична енергија на големо (РЕМИТ), најдоцна до 5.3.2022 година.

32. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Националниот оператор на пазарот на електрична енергија, да започне со подготовка на Предлог-закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, во насока на успешно поврзување на пазарите на електрична енергија на Република Северна Македонија и Република Бугарија и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

33. Се задолжува Министерството за економија да ја транспонира Регулативата за трансевропска енергетска инфраструктура во Законот за стратешки инвестиции и да го достави до Владата, најдоцна до 5.3.2022 година.

34. Се задолжува Министерството за економија до Владата да го достави Националниот план за клима и енергија, најдоцна до 5.3.2022 година.

35. Се задолжува Министерството за економија да го зајакне техничкиот капацитет на Секторот за енергетика и Агенцијата за енергетика, најдоцна до 5.3.2022 година.

36. Се задолжува Министерството за економија да започне со подготовка и да го донесе секундарното законодавство за енергетска ефикасност согласно законските рокови од Законот за енергетска ефикасност и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

37. Се препорачува на Националниот оператор на пазарот на електрична енергија (МЕМО ДООЕЛ), по пренесување на надлежностите, да воспостави електронски систем за гаранции за потекло согласно стандардите на Европскиот систем за енергетски сертификати од Агенцијата за енергетика и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријат за европски прашања, најдоцна до 5.3.2022 година.

38. Се задолжува Министерството за економија до Владата да достави Предлог-закон за биогорива, усогласен со Директивата за обновливи извори на енергија 2018/2001/ЕУ, најдоцна до 5.3.2022 година.

Регионална политика

39. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања до Владата да ја достави на усвојување политиката за задржување на кадарот за ИПА структурата, во согласност со препораките на СИГМА и за истото да ја извести Европската комисија, најдоцна до 30.3.2022 година.

40. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја вклучи политиката за задржување на кадарот во ИПА структурата во најголема можна мера во Законот за административни службеници и во Законот за вработените во јавниот сектор, најдоцна до 1.9.2022 година.

41. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да назначи нов раководител на Секторот за Европска Унија, како и да ги зголеми административните капацитетите во Секторот за Европска Унија и Секторот за регионален развој, најдоцна до 15.3.2022 година.

42. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да ги донесе подзаконските акти за определување на степенот за развиеност на планските региони, за определување на специфични развојни потреби, подготовка на планските документи и Тригодишната програма за рамномерен регионален развој, за ефикасно, континуирано и навремено спроведување на Законот за рамномерен регионален развој и за тоа да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15.3.2022 година.

Транспорт

43. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до Владата да достави стратешка рамка за усогласување со законодавството на Европската Унија за интелигентни транспортни системи, најдоцна до 30.6.2022 година.

44. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до Владата да достави Предлог-закон за Агенцијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, најдоцна до 15.3.2022 година.

45. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за транспорт и врски, а во координација со Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, да подготват известување на англиски јазик за спроведената Анализа за раздвојување на операциите за железнички превоз на патници и железнички товарен превоз и да го достават до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15.3.2022 година.

46. Се укажува на ЈП за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија – Скопје итно да ги зајакне капацитетите со човечки ресурси со цел да се подобри координацијата и навремено и професионално спроведување на проектите од областа на железничка инфраструктура за 2022 година.

47. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до Владата да достави нов Предлог-закон за воздухопловство со кој ќе се обезбеди целосна независност на Агенцијата за цивилно воздухопловство, како регулаторно тело и стабилни извори за нејзино финансирање, со што ќе се адресираат препораките од писмото од Генералниот директорат за транспорт и мобилност на Европската комисија Ref. Ares (2019)7812193 - од 19.12.2019 година, најдоцна до 15.3.2022 година.

48. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви писмена информација на англиски јазик за пазарот за внатрешен воден сообраќај во земјата, најдоцна до 15.3.2022 година.

49. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги усогласи законите за патниот превоз со законодавството на Европската Унија за правата на патниците и за истото да информира во позадинскиот материјал за Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој кој ќе се одржи во март 2022 година.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Меѓународно училиште Скопје“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 14**

1. Владата ја отповика Билјана Младеновска од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Владата ја избра Билјана Младеновска за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје.

2. Владата го отповика Југослав Парговски од должноста в.д. управител на Друштво за производство, промет и услуги Економија – Идризово ДООЕЛ Скопје, на негово барање.

3. Владата го разреши Дарко Спасев од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Синдикатот за образование наука и култура, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

4. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје , поради истек на мандатот, ги разреши:

- Кире Трампески и
- Тимо Крстев

4.1 Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро –Берза – Скопје, ги именува:

- Кире Трампески и
- Тимо Крстев

5. Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

а) од претседател:
- Александар Касапинов

б) од членови:
- Ацо Дуковски,
- Блерим Османи и
- Георги Трајчев.

5.1 Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател:
- Игор Шокаровски

б) за членови:
- Нина Николиќ,
- Снежана Станковиќ и
- Фатон Мемети.

6. Владата ја разреши Мерита Мустафаи од должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, поради истек на мандатот за кој е именувана.

6.1 Владата ја именува Мерита Мустафаи за вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, досегашен директор на Бирото и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Рамиз Реџепи од должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, поради истек на мандатот за кој е именуван.

7.1 Владата го именува Рамиз Реџепи за директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, досегашен директор на Бирото и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Реси Абдурахмани од должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви, поради истек на мандатот за кој е именуван.

8.1 Владата го именува Реси Абдурахмани за вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви, досегашен директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Садуш Арифи од должноста заменик на директорот на КПУ Затвор - Скопје, поради истек на мандатот за кој е именуван.

9.1 Владата го именува Садуш Арифи за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор - Скопје, досегашен заменик на директорот на Затворот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го разреши Уљуси Бекири од должноста директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, поради истек на мандатот за кој е именуван.

10.1 Владата го именува Уљуси Бекири за вршител на должноста директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, досегашен директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Бујар Селмани од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје.

11.1 Владата го именува Илбер Јусуфи за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје.

12. Владата ја именува доц. д-р Билјана Трајковска за претседател на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола.

13. Владата го разреши Горан Алексов од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ -П.О. Скопје, поради истек на мандатот.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

55. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка (реден бр.67)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска раководител на сектор во Министерството за економија.

56. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка (реден бр.68)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници, Митко Трајчулевски, државен секретар во Министеството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети - Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

57. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, по скратена постапка (реден бр.69)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

58. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (реден бр.70)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереник Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

59. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основнитот буџет на Република Северна Македонија за 2020 година (реден бр.72)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена таст, државен секретар во Министерството за финансии и Тања Трипунова и Аница Иваноска - Стрезовски, државни советници во Министерството за финансии.

60. Предлог на стратегија за родова еднаквост 2021 – 2026 (реден бр.73)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јованка Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници, Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Елена Грозданова, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

61. Предлог-закон за парничната постапка (реден бр.76)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници, Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Радица Лазареска - Геровска, државен советник во Министерството за правда.

62. Предлог-закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (*) (реден бр.77)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници, Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*) (реден бр.78)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Флорент Чиче државен советник во Министерството за економија и м-р Јетон Кучи, раководител на сектор во Министерството за економија.

64. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат (реден бр.79)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија (реден бр.80)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (реден бр.81)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Абулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Мусалески, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

67. Предлог-закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции (*) (реден бр.82)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

68. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (реден бр.102)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Абулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници, Живко Брајковски и Александар Мусалески, раководители на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

69. Предлог-закон за адвокатурата (*) (реден бр.85)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.
70. Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители (реден бр.86)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

71. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите (реден бр.88)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

72. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка (реден бр.89)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева и Дејан Николовски, државни советници во Министерството за финансии.

73. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*), по скратена постапка (реден бр.90)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

74. Предлог-закон за дополнување на Законот за матичен број (*), по скратена постапка (реден бр.91)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка (реден бр.92)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

76. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*), по скратена постапка (реден бр.93)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

77. Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка (реден бр.71)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулевски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети - Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

78. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка (реден бр.94)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

79. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за личното име (*), по скратена постапка (реден бр.95)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Назим Буши, заменик на министерот внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

80. Предлог-закон за финансиска стабилност (*) (реден бр.97)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

81. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (реден бр.98)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Тања Трипунова и Аница Иваноска - Стрезовски, државни советници во Министерството за финансии.

82. Предлог-закон изменување и дополнување на Законот за установите (реден бр.99)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

83. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка (реден бр.101)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

84. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*) (реден бр.84)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

85. Предлог за именување на член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (реден бр.1)

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија.

86. Предлог-закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*) (реден бр.83) е повлечен од Собраниска постапка и пак е доставен до Собранието со наше писмо 40-8020/3-21 од 8 февруари 2022 година.

Исто така, Владата заклучи Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), утврден на Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2022 година, кој е вратен од страна на Собранието на Република Северна Македонија со Писмо бр.08-399/2 од 28 јануари 2022 година, да не се доставува до Собранието.

II. Ги повлекува од Собраниска постапка следните закони:
1. Предлог-закон за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија, доставен до Собранието со Писмо бр.44-8820/1 од 27 септември 2020 година.

2. Предлог-закон за остварување на јавниот интерес во културата, доставен до Собранието со Писмо бр.44-8883/1 од 27 септември 2020 година.

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, доставен до Собранието со Писмо бр.44-8862/1 од 27 септември 2020 година.

4. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, доставен до Собранието со Писмо бр.44-11592/1 од 1 декември 2020 година.

5. Предлог-закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавните претпријатија, по скратена постапка, доставен до Собранието со Писмо бр.44-8847/1 од 27 септември 2020 година.

6. Предлог-закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица во услови на ковид-19, по скратена постапка, доставен до Собранието со Писмо бр.40-7005/1 од 29 јуни 2021 година.

7. Предлог-закон за лековите (*), доставен доставен до Собранието со Писмо бр.40-7281/1 од 6 јули 2021 година.

8. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, доставен до Собранието со Писмо бр.40-11583/1 од 30 ноември 2021 година.

III. Останува на претходно доставените текстови на мислења.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата со извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 17**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка на основен буџет 603), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка на основен буџет 631) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка за самофинансирачки активности 787), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за лекови и медицински средства да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка на основен буџет 603), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка на основен буџет 631) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за лекови и медицински средства (сметка за самофинансирачки активности 787) и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 18**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (сметка за средства од Фондот 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (сметка на сопствени приходи 531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (сметка за средства од Фондот 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (сметка на сопствени приходи 531) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 19**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје (сметка за средства од Фондот 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од Фондот 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје (сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 20**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (сметка за основен буџет - 603), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (сметка на буџет од самофинансирачки активности 788-14) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (сметка за функционирање и развој на Универзитетот 788-52), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му препорача на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (сметка за основен буџет 603), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ -Битола (сметка на буџет од самофинансирачки активности 788-14) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (сметка за функционирање и развој на Универзитетот 788-52) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

**Точка 21**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2021 година, со Финансиски извештај за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет и четврт квартал од 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата ги разгледа Препораките од партиципативните форуми, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 24**

Владата го разгледа Извештајот на Инспекцискиот совет за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (период 27 јули 2021 година - 27 јануари 2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија и условно ја донесе Одлуката за одобрување финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење и со следните заклучоци:

1. Во член 2, по зборовите ,,Сојузот на борците на Македонија“, се става точка, а зборовите по точката се бришат.
2. Во член 3, наместо зборовите ,,Министерство за труд и социјална политика“ да стои ,,Управата за прашања на борците и воените инвалиди“.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, во предложениот текст.

**<u>Точка 29</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен на локалитетот ,,Живојно“, Општина Новаци, во предложениот текст.

**<u>Точка 30</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за завршени преговори со усогласен текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање на културно–информативни центри во Скопје и во Белград, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање културно-информативни центри во Скопје и во Белград.

2. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање културно-информативни центри во Скопје и во Белград.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Валандово и КО Валандово вон град, Општина Валандово, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата да се провери валидноста на Проценката.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за месец февруари 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 23 февруари 2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со февруарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 24 февруари 2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 24 февруари 2022 година (четврток);
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 25 февруари 2022 година (петок);
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 28 февруари 2022 година (понеделник) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1 март 2022 година (вторник).

## Точка 33

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи (*), по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 34

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на средствата и добитокот кои граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да ги даваат на користење на Министерството за одбрана, за потребите на Армијата на Република Македонија во воена и вонредна состојба, како и при изведување на вежбовни активности во мир, начинот на водењето на евиденцијата и определување на висината на надоместокот за нивното користење, оштетување и уништување, во предложениот текст.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за повлекување на Огласот за автори/авторски тимови за изработка на материјали за учење согласно наставните програми за второ и петто одделение на деветгодишното основно образование, ја усвои Информацијата и го задолжи Бирото за развој на образованието да го повлече Огласот за автори/авторски тимови за изработка на материјали за учење согласно наставните програми за второ и петто одделение на деветгодишното основно образование, во рок од три дена.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**